# ЗАКОН ЗА ВИНОТО

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 53/11, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/19)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат планирањето и управувањето со производствениот потенцијал за производство на винско грозје, производството на вино, пазарот и прометот со вино, класификацијата на вината, производството, означувањето и заштитата на вината со географски назив и описот, означувањето и заштитата на виното, како и здружувањето на производители на вино.

Цели

**Член 2**

Целите на овој закон се заштита на интересите на производителите на винско грозје и вино и потрошувачите на вино, подобрување на квалитетот на виното и другите производи од винско грозје и добро функционирање на внатрешниот и надворешниот пазар на винско грозје и вино.

Дефиниции

## Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Свежо грозје е плод на винова лоза што се користи за производство на вино, зрело или делумно дехидрирано, коешто може да се гмечи или пресува со вообичаената техника и е подложно на спонтана алкохолна ферментација;

2. Производи од винско грозје се шира, шира во ферментација, шира во фермантација добиена од суво грозје, шира од свежо грозје во ферментација прекината со додавање на алкохол, концентрирана шира, пречистена концентрирана шира, сок од грозје, концентриран сок од грозје, комиње и пике;

3. Вино е производ добиен исклучиво со целосна или делумна алкохолна ферментација на свежо грозје, гмечено или негмечено или на шира;

4. Производи од вино се младо вино се уште во ферментација, вино погодно за добивање на трпезно вино, трпезно вино, регионално вино, вино со контролирано потекло, вино со контролирано и гарантирано потекло вино со контролирано и гарантирано потекло, ликерско вино, пенливо вино, газирано пенливо вино, полупенливо вино, газирано полупенливо вино, вински оцет, вински талог и вински камен, вино зајакнато за дестилација, вински дестилат и вино од презреано грозје;

5. Шира е течен производ добиен природно или со физички процеси од свежо грозје.

Дозволената вистинска јачина на алкохол по волумен на ширата не е повеќе од 1% вол.;

6. Шира во ферментација е производ добиен од ферментација на ширата и со вистинска јачина на алкохол по волумен повеќе од 1% вол., но помалку од три петтини од нејзината вкупна јачина на алкохол по волумен;

7. Шира во ферментација добиена од суво грозје е производ добиен од делумна ферментација на шира добиена од суво грозје, чијашто вкупна содржина на шеќер пред ферментација е најмалку 272 грама по литар и природната и вистинската јачина на алкохол по волумен не смее да биде помалку од 8% вол.;

8. Шира од свежо грозје со ферментација прекината со додавање на алкохол е производ кој:

- има вистинска јачина на алкохол по волумен не помала од 12% вол., но помала од 15% вол. и

- е добиен со додавање на производ добиен со дестилација на вино на неферментирана шира со природна јачина на алкохол по волумен не помалку од 8,5% вол. и е добиен исклучиво од сорти на грозје класифицирани како винско грозје според членот 28 на овој закон;

9. Концентрирана шира е некарамелизирана шира која:

- е добиена со делумна дехидрација на шира извршена со метод одобрен во согласност со овој закон, освен со директна топлина, така што рефрактометарот употребен со метод одобрен во согласност со овој закон, на темепратура од 20°С, не покажал помалку од 50,9%,

- потекнува исклучиво од сорти на грозје кои се класифицирани како винско грозје според членот 28 на овој закон и

- е добиена од шира со природна јачина на алкохол од најмалку 9,0% вол.

Дозволената вистинска јачина на алкохол по волумен на концентрирана шира не е повеќе од 1 % вол.;

10. Прочистена концентрирана шира е течен некарамелизиран производ кој е добиен со делумна дехидрација на шира извршена со метод одобрен во согласност со овој закон, освен со директна топлина, така што рефрактометарот употребен со метод одобрен во согласност со овој закон, на темепратура од 20°С, не покажал помалку од 61,7% и поминал одобрена обработка за откиселување и елиминација на состојките освен шеќерот и ги има следниве својства:

- не повеќе од 5 pH на 25° Brix,

- оптичка густина на 425 нм за дебелина од 1 см не повеќе од 0,100 во шира разредена на 25° Brix,

- содржина на сахароза неоткриена со одреден метод на анализа,

- индекс на Folin-Cicolteau не повеќе од 6,00 на 25° Brix,

- титративна киселост не повеќе од 15 милиеквиваленти по килограм на вкупните шеќери,

- содржина на сулфур диоксид не повеќе од 25 милиграми по килограм на вкупните шеќери,

- содржина на вкупни катјони не повеќе од 8 милиеквиваленти по килограм на вкупните шеќери,

- спроводливост на 25° Brix и 20°С не поголема од 120 micro-Siemens/cm,

- содржина на хидроксиметилфурфулор не повеќе од 25 милиграми по килограм на вкупните шеќери,

- присуство на мезоинозитол,

- потекнува исклучиво од сорти на грозје кои се класифицирани како винско грозје според членот 28 на овој закон,

- е добиен од шира со природна јачина на алкохол од најмалку 9,0% вол. и

- дозволена вистинска јачина на алкохол по волумен на пречистена концентрирана шира е не повеќе од 1% вол.;

11. Сок од грозје е неферментиран течен производ што може да ферментира добиен со соодветна обработка што го прави погоден за конзумирање и може да се добие:

а) од свежо грозје или шира или

б) со додавање вода на:

- концентрирана шира или

- концентриран сок од грозје.

Дозволена вистинска јачина на алкохол по волумен на сокот од грозје не е повеќе од 1% вол.;

12. Концентриран сок од грозје е некарамелизиран сок од грозје добиен со делумна дехидратација на сок од грозје извршена со одобрен метод во согласност со овој закон, освен со директна топлина, така што рефрактометарот употребен со метод одобрен во согласност со овој закон на темепратура од 20°C не покажал помалку од 50,9%.

Дозволената вистинска јачина на алкохол по волумен на концентриран сок од грозје не е повеќе од 1% вол.;

13. Младо вино во ферментација е вино во кое алкохолната ферментација се уште не е завршена и кое се уште не е одвоено од талогот;

14. Вино погодно за добивање на трпезно вино е вино кое:

- потекнува исклучиво од сорти на грозје коишто се класифицирани како винско грозје според членот 28 на овој закон,

- е произведено во Република Македонија и

- има вистинска јачина на алкохол не помала од 9,0 % вол.;

15. Ликерско вино е вино кое:

- има вистинска јачина на алкохол по волумен не помала од 15% вол. и не поголема од 22% вол. и вкупна јачина на алкохол по волумен не помала од 17,5% вол. и

- е добиено од шира во ферментација, или вино, или комбинација на овие производи, коишто мора да потекнуваат од сорти на грозје класифицирани како погодни за производство на ликерски вина според членот 28 на овој закон и имаат првична природна јачина на алкохол по волумен не помала од 12% вол. и со додавање:

а) индивидуално или во комбинација на неутрален алкохол од винова лоза, вклучувајќи алкохол произведен со дестилација на вино од суво грозје со вистинска јачина на алкохол по волумен не помала од 96% вол. и на дестилат од вино или вино од суво грозје со вистинска јачина на алкохол по волумен не помала од 52% вол. и не поголема од 86% вол. и

б) на еден или повеќе од следниве производи, според потреба:

- концентрирана шира и

- комбинација на еден од производите наведени под а) од оваа точка со шира или шира во ферментација;

16. Пенливо вино е вино кое е добиено со прва или втора алкохолна ферментација на:

- производи погодни за добивање на трпезно вино, грозје, шира или вино,

- трпезно вино, вино со контролирано потекловино со контролирано потекло или вино со контролирано и гарантирано потекло од свежо грозје и

- при отворање на садот, испушта јаглерод диоксид добиен исклучиво со ферментација и има вишок притисок поради раствореност јаглерод двооксид, не помалку од 3 бара на температура од 20°C во затворени садови;

17. Газирано пенливо вино е вино кое:

- е добиено од трпезно вино,

- при отворање на садот, испушта јаглерод диоксид добиен целосно или делумно со додавање на тој гас и

- има вишок притисок, поради растворениот јаглерод диоксид, не помалку од 3 бара на температура од 20°C во затворени садови;

18. Полупенливо вино е производ:

- добиен од трпезно вино, вино со контролирано потекловино со контролирано потекло или вино со контролирано и гарантирано потекло или од производи погодни за добивање на трпезно вино, вино со контролирано потекловино со контролирано потекло или вино со контролирано и гарантирано потекло,

- има вишок притисок, поради ендогениот јаглерод двооксид во раствор, не помалку од 1 бар и не повеќе од 2,5 бара на температура од 20°C во затворени садови и

- ставен во садови со зафатнина до 60 литри;

19. Газирано полупенливо вино е производ:

- добиен од трпезно вино, вино со контролирано потекловино со контролирано потекло или вино со контролирано и гарантирано потекло или од производи погодни за добивање на трпезно, вино со контролирано потекло или вино со контролирано и гарантирано потекло,

- има вишок притисок не помалку од 1 бар и не повеќе од 2,5 бара на температура од 20°C во затворени садови поради јаглероден диоксид во раствор кој е целосно или делумно додаден и

- ставен во садови со зафатнина до 60 литри;

20. Вински оцет е производ:

- добиен исклучиво со оцетна ферментација на вино и

- има вкупна киселост не помала од 60 грама по литар изразена како оцетна киселина;

21. Вински талог, вински камен и семки од грозје се:

- остатоците што се собираат во садовите со вино по ферментација и во текот на складирање или по обработка и остатоците добиени со филтрирање или центрифугирање на овој производ,

- остатоци што се собираат во садовите со шира во тек на складирање или по обработка и

- остатоци добиени со филтрирање или центрифугирање на ширата;

22. Комиње се остатоци од пресување на свежо грозје, ферментирано или неферментирано;

23. Пике е алкохолно превриен производ добиен:

- со измивање на непревриено комиње со вода и

- со измивање на превриено комиње со вода;

24. Вино зајакнато за дестилација е производ што:

- има вистинска јачина на алкохол по волумен не помала од 18% вол. и не поголема од 24% вол.,

- е добиен исклучиво со додавање на вински дестилат со максимум вистинска јачина на алкохол од 86 % вол. и

- има максимална испарлива киселост од 1,5 грама по литар, изразена како оцетна киселина;

25. Вински дестилат е производ добиен со дестилација на вино и производи од вино со минимална јачина на алкохол од 55% вол.;

26. Вино од презреано грозје е вино кое:

- е произведено во Република Северна Македонија, без збогатување, од грозје набрано во Република Македонија од сорти на грозје класифицирани како винско грозје според членот 28 на овој закон,

- има природна јачина на алкохол поголема од 15% вол. и

- има вкупна јачина на алкохол не помала од 16% вол. и вистинска јачина на алкохол не помала од 12% вол.;

27. Географски ознаки се назив и/или обележје на земјата, регионот или местото со кои се означува дека производот потекнува од тоа подрачје;

28. *е избришана;*

28-а. Трговец со винско грозје е правно или физичко лице кое е врши откуп на винско грозје <u>*наменето за извоз*</u>. *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Реппублика Македонија“ бр. 70/18).*

28-б. Капитално поврзани друштва се друштва кои вршат дејност производство на вино или производство на грозје и директно или индиректно поседуваат, контролираат или држат 5% или повеќе акции или емитувани удели со право на глас, во друго друштво кое врши дејност производство на вино или производство на грозје.

29. Јачини на алкохол се:

- вистинска јачина на алкохол по волумен означува број на делови на чист алкохол содржани на температура од 20°С во 100 делови од производот на таа температура,

- потенцијална јачина на алкохол по волумен означува број на делови на чист алкохол на температура од 20°С коишто можат да се произведат со целосна ферментација на шеќерите содржани во 100 делови од производот на таа температура,

- вкупна јачина на алкохол по волумен означува збир на вистинските и потенцијалните јачини на алкохол,

- природна јачина на алкохол по волумен означува вкупна јачина на алкохол по волумен на производот пред какво било збогатување,

- вистинска јачина на алкохол по маса означува број на килограми на чист алкохол содржан во 100 килограми од производот,

- потенцијална јачина на алкохол по маса означува број на килограми на чист алкохол коишто можат да се произведат со целосна ферментација на шеќери содржани во 100 килограми од производот и

- вкупна јачина на алкохол по маса означува збир на вистинската и потенцијалната јачина на алкохол и

30. Винска година е производна година за производите на кои се однесува овој закон и која започнува на 1 август тековната година и завршува на 31 јули следната година.

31. Купажа е енолошка постапка за добивање на вино со мешање на вина или шира со ист или различен географски назив, квалитет, боја, сорта на грозје или година на берба.

Супсидијарна примена на Законот

**Член 4**

(1) Освен, доколку со овој закон поинаку не е уредено, на постапките утврдени со овој закон соодветно се применува Законот за општата управна постапка.

(2) Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за државниот земјоделски инспекторат, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

## II. ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОИЗВОДСТВЕНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВИНСКО ГРОЗЈЕ

Национална стратегија за развој на лозарството и винарството

### Член 5

(1) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: министерот), донесува Национална стратегија за развој на лозарството и винарството.

(2) Националната стратегија за развој на лозарството и винарството содржи:

- долгорочни цели за развој на лозарството и винарството,
- приоритети за развој на лозарството и винарството,
- вкупна површина, локации и сорти за кои се доделуваат одобренија за садење,
- насоки за планирање на маркетингот на македонското вино,
- поттикнувачки мерки за развој на лозарството и винарството,
- план за исполнување на обврските од меѓународните повелби, спогодби, договори, конвенции и други документи во областа на лозарството и винарството кои ги ратификувала и кон кои пристапила Република Северна Македонија и

- други елементи од значење за лозарството и винарството на Република Северна Македонија.

(3) Националната стратегија за развој на лозарството и винарството се донесува за период од најмалку пет години.

(4) Средствата за изготвување на националната стратегија за развој на лозарството и винарството се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и други извори.

Одобрение за садење

**Член 6**

(1) За унапредување на квалитетот на виното и другите производи од винско грозје, во зависност од целите и приоритетите утврдени во националната стратегија за лозарството и винарството, подигнувањето на нови од одделни сорти насади, може да биде условено со одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(2) Прекалемувањето на сорти на винско грозје врз сорти што не се винско грозје се смета за подигнување на нови лозови насади.

(3) Министерот ги припишува поблиските услови од ставот (1) на овој член.

Приоритети за одобрение за садење

**Член 7**

(1) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) ги издава одобренијата од членот 6 на овој закон во согласност со целите и приоритетите утврдени во националната стратегија за лозарство и винарство.

(2) Одобренијата за ново садење се издава за следниве приоритети:

- садење на претходно ископачени лозови насади,

- садење на почва на која претходно немало насадено винова лоза или прекалемување на сорти винско грозје врз сорти кои не се класифицирани како винско грозје, наменети за производство на вино,

- млади лозари до 40 години во процес на започнување на таа активност,

- добивање на лозов посадочен материјал,

- лозаро-винарски експерименти спроведени од научна институција или во соработка со научна институција и

- производство на грозје и вино исклучиво за сопствените потреби на производителот кое не го става во промет.

Постапка за добивање на одобрение за садење

**Член 8**

(1) За добивање одобрение за садење барателите поднесуваат барање до Министерството најдоцна до 31 декември во тековната година.

(2) Кон барањето барателите поднесуваат доказ за сопственост или договор за користење на земјиштето на кое треба да се изврши садењето, односно прекалемувањето на новиот лозов насад.

(3) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за добивање на одобрение за садење е должно доказот за сопственост на земјиштето од ставот (2) на овој член по службена должност да го побара од надлежниот јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(4) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој е побаран доказот од став (3) на овој член е должно да го достави до Министерството во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(5) Министерот ги пропишува формата и содржината на образецот и начинот на поднесување на барањето за добивање на одобрение за садење.

## Член 9

(1) Министерството во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од членот 8 став (1) на овој закон одлучува на барателот да му додели одобрение за садење или да го отфрли барањето и за тоа го известува барателот најдоцна до 31 март од наредната година.

(2) Во случај на одбивање на барањето, барателот може да поднесе ново изменето барање во согласност со критериумите за нови садења на лозови насади во рок од 15 дена по приемот на решението за одбивање на барањето.

(3) Министерството одлучува за изменетото барање за садење и за тоа го известува барателот најдоцна до 1 мај од наредната година.

(4) Министерот ја пропишува формата и содржината на одобрението за садење од членот 6 на овој закон.

(5) Незадоволните баратели можат да поднесат жалба за издаденото одобрение за садење до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена по приемот на решението за одбивање на барањето.

## Член 10

(1) Одобрението за садење барателот мора да го искористи во согласност со условите за кои било издадено.

(2) Одобрението за садење важи во текот на три вински години од датумот на неговото издавање.

(3) Лозовите насади насадени или прекалемени без одобрение или во спротивност со издаденото одобрение за садење од членот 6 на овој закон ќе бидат ископачени. Трошоците за ископачувањето се на товар на производителот.

### Национален регистар на лозови насади

## Член 11

(1) Заради евиденција на лозовите насади и идентификација на производителите Министерството води Национален регистар на лозови насади.

(2) Националниот регистар на лозови насади содржи:

- податоци за лозарските имоти, парцелите под лозов насад и сортите на грозје,

- податоци за производителите на грозје за секоја парцела со лозов насад и

- катастарски мапи со размер од 1:10.000 за опис на површините под лозови насади.

(3) Министерството ја врши евиденцијата на лозови насади преку:

- поднесените пријави за упис во Националниот регистар на лозови насади и

- извршените контроли на терен со примена на техники на далечинска детекција (сателитски снимки, орто-фотографии и географскиот информациски систем (ГИС)).

(4) Министерот донесува поблиски прописи за формата, содржината и начинот на одржувањето и функционирањето на Националниот регистар на лозови насади и за начинот на пресметување на површините насадени со лозови насади.

Пријавување на површините под лозови насади

Член 12

(1) Производителите на грозје ги пријавуваат површините на кои одгледуваат лозови насади во подрачните единици на Министерството.

(2) Новите насади се пријавуваат во рок од еден месец од нивното подигање.

(3) Производителот на грозје поднесува пријава за упис во Националниот регистар на лозови насади до подрачната единица на Министерството.

(4) Производителот на грозје во прилог на пријавата за упис во Националниот регистар за лозови насади доставува и:

- имотен лист и копија од катастарскиот план за секоја парцела, во случај кога производителот е сопственик на парцелата или

- договор за закуп и имотен лист и копија од катастарскиот план за секоја парцела, во случај кога производителот е корисник на парцелата, односно кога е различен од сопственикот на парцелата.

(5) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за пријавување на површините под лозови насади е должно имотниот лист и копијата од катастарскиот план од ставот (4) алинеи 1 и 2 на овој член по службена должност да ги побара од надлежниот јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на пријавата.

(6) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот (5) на овој член е должно да ги достави до Министерството во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(7) Министерот ја пропишува формата, содржината и начинот на поднесување на пријавите за упис во Националниот регистар на лозови насади.

Пријавување на промените

Член 13

(1) Заради ажурирање на евиденцијата на Националниот регистар на лозови насади производителите на грозје се должни да ги пријават во подрачните единици на Министерството во рок од 15 дена од нивното настанување, промените во врска со:

- сопственоста или правото на користење на земјиштето,

- сортиментот на лозовите насади,

- ископачувањето или презасадувањето на лозовите насади,

- начинот на одгледување на лозовите насади,

- системот за наводнување или

- загубите предизвикани поради елементарни непогоди (пожар, мрзнење, суша, поплава и град).

(2) Министерот ја пропишува формата и содржината на пријавата и начинот на пријавување на промените од ставот (1) на овој член.

Безбедност на податоците

**Член 14**

(1) Министерството управува со Националниот регистар на лозови насади и води сметка за безбедноста на податоците.

(2) Лицата кои се пријавуваат во Националниот регистар на лозови насади имаат право на пристап само до информациите кои се однесуваат на нив.

Исклучок од обврската за пријавување на површините под лозови насади

**Член 15**

Производителите на грозје кои имаат лозови насади со вкупна површина најмногу од 500 м2 и кои не го ставаат грозјето во промет се изземени од обврската за пријавување на нивните лозови насади во Националниот регистар на лозови насади од членот 12 на овој закон.

Пријавување на количини на набрано грозје

**Член 16**

(1) Производителите на грозје за производство на вино ги пријавуваат количините произведени од последната берба на грозје најдоцна до 30 ноември во подрачните единици на Министерството.

(2) Министерот ја пропишува формата, содржината и начинот на поднесување на пријавите за количините произведени од последната берба на грозје.

(3) Од обврската за пријавување од ставот (1) на овој член се изземени производителите на грозје кои произведуваат помалку од 1.000 кг годишно и кои не го ставаат грозјето во промет.

Откуп на винско грозје

**Член 16-а**

(1) Откуп на винско грозје за производство на вино може да вршат производители на вино и трговци со винско грозје <u>*наменето за извоз*</u> (во натамошниот текст: откупувачи). *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/18).*

(2) Под откуп на винско грозје во смисла на овој закон не се подразбира купопродажбата на винско грозје извршено меѓу капитално поврзани друштва за винско грозје произведено од капитално поврзано друштво.

(3) Субјектите од ставот (1) на овој член треба да се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кој се води согласно со Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Грозјето откупено од страна на трговци со винско грозје наменето за извоз може да биде продадено и на производители на вино во Република Северна Македонија само доколку за истото во целост се исплатени финансиските обврски кон производителот на грозје согласно со одредбите од овој закон.

Исплата на винско грозје

**Член 16-б**

Откупувачот на производителот на грозје може износот за откупеното винско грозје да му го исплати во целост во рок од седум дена од денот на приемот, односно предавањето на винското грозје на откупувачот или исплатата на износот за откупеното винско грозје да ја изврши на три рати од кои првата рата во висина од најмалку 20% најдоцна до 15 декември во годината кога е извршен откупот, втората рата во висина од најмалку 40% најдоцна до 15 февруари следната година од годината кога е извршен откупот и третата рата најдоцна до 30 април следната година од годината кога е извршен откупот.

Цена на винско грозје

**Член 17**

(1) Цената на винското грозје за производство на вино се утврдува и се исплаќа врз основа на шеќерни единици.

(2) Трговците со винско грозје <u>*наменето за извоз*</u> и производителите на вино се должни во моментот на откупот на винското грозје <u>*наменето за извоз*</u> да ги измерат шеќерните единици на грозјето и на производителите на грозје да им издадат потврда за количината на откупено грозје и шеќерните единици на грозјето за секоја сорта на винско грозје поединечно. *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 70/18).*

(3) Трговците со винско грозје <u>*наменето за извоз*</u> и производителите на вино се должни најдоцна до почетокот на винската година да објават цена по шеќерна единица за секоја сорта на винско грозје поединечно по која ќе откупуваат винско грозје <u>*наменето за извоз*</u>. *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 70/18).*

(4) Висината на цената од ставот (3) на овој член не може да се намали до истекот на винската година.

(5) Утврдената цена согласно со ставот (3) на овој член може да се намали најмногу до 8% во случај кога исплатата на износот за откупеното винско грозје се врши во целост согласно со членот 16-б од овој закон.

(6) Откупот на винско грозје за производство на вино се врши согласно со Законот за земјоделство и рурален развој доколку поинаку не е уредено со овој закон.

**Член 18**

(1) Доколку производителот на грозје се сомнева во резултатите од мерењето на шеќерните единици од страна на трговците со винско грозје <u>*наменето за извоз*</u> и производителите на вино во моментот на откупот, производителот на грозје има право да бара проверка на тие резултати. *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 70/18).*

(2) Проверката на резултатите ја врши овластената лабораторија од членот 33 на овој закон. Постапката и рокот за земање на мостра за проверка на резултатите од мерењето на шеќерните единици ги пропишува министерот.

(3) Трошоците за проверката од ставот (2) на овој член се на товар на производителот на грозје. Во случај на разлика во резултатите од мерењата на шеќерните единици, цената се пресметува по шеќерните единици утврдени од страна на овластената лабораторија.

Пријавување на количини на купено и продадено грозје

## Член 19

(1) Трговците со винско грозје *наменето за извоз* и производителите на вино ги пријавуваат количините на купено и продадено грозје од последната берба најдоцна до 30 ноември во подрачните единици на Министерството. *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 70/18).*

(2) Министерот ја пропишува формата, содржината и начинот на поднесување на пријавите за количините на купено и продадено грозје од последната берба.

(3) Од обврската за пријавување од ставот (1) на овој член се иземени трговците со грозје кои пласираат помалку од 1.000 кг грозје годишно.

Врска со внатрешните регистри

## Член 20

Пријавите од членовите 16, 19 и 26 на овој закон се поднесуваат врз основа на внатрешните влезни и излезни регистри дадени во членот 37 од овој закон.

## III. ПРОИЗВОДСТВО НА ВИНО

Суровина за производство на вино

**Член 21**

(1) Само грозјето добиено од вински сорти на грозје во согласност со класификацијата од членот 28 на овој закон може да биде употребено за производство на вино.

(2) Виното кое не е добиено од вински сорти на грозје во согласност со класификацијата од членот 28 на овој закон, како и виното кое не ги исполнува условите утврдени со прописите за енолошките средства и постапки, не може да се стави во промет.

(3) Виното од ставот (2) на овој член може да се користи само за сопствените потреби на производителот, за производство на вински оцет или за дестилација.

Забрана

**Член 22**

(1) Свежо грозје, шира, шира во ферментација, концентрирана шира, пречистена концентрирана шира, шира во ферментација прекината со додавање на алкохол, сок од грозје и концентриран сок од грозје од увоз не можат да се употребат за производство на вино или да се додаваат на вино во Република Северна Македонија.

(2) Се забранува додавање сахароза во вино, освен заради производство на пенливи вина.

(3) Се забранува производство на вино со повторна ферментација на комињето.

Забрана за производство на вино од грозје кое потекнува од нерегистрирани лозови насади

## Член 23

Грозјето кое потекнува од лозови насади кои не се пријавени во Националниот регистар на лозови насади од членот 11 на овој закон не може да се користи за производство на вино.

### Енолошки средства и постапки

## Член 24

(1) Производство на вино се врши со примена на одобрени енолошки средства и постапки.

(2) Енолошките средства и постапки се применуваат заради правилна винификација, чување или нега на виното и другите производи од винско грозје и вино.

(3) Министерот објавува листа на одобрени енолошки средства и постапки кои се употребуваат во производство на вино.

(4) Министерот го пропишува начинот на примена на енолошки средства и постапки, нивните карактеристиките, како и максималните одобрени количини на енолошки средства и постапки кои се употребуваат во производство на вино.

### Дополнување на јачина на алкохол

## Член 24-а

(1) Во години со исклучително лоши климатски услови, Министерството ќе одобри дополнување на природната јачина на алкохол по волумен на свежо грозје, шира, шира во ферментација, младо вино во ферментација и вино добиено од сорти на грозје за производство на вино од членот 28 од овој закон.

(2) Дополнувањето на природната јачина на алкохол по волумен не може да биде повисока од 2% волуменски.

(3) Дополнувањето на природната јачина на алкохол по волумен од став (1) на овој член се изведува на следниве начини:

- кај свежо грозје, шира во ферментација или младо вино во ферментација со додавање на концентрирана шира или зајакната концентрирана шира,
- кај шира, со додавање на концентрирана шира или зајакната концентрирана шира или со делумна концентрација по пат на реверзибилна осмоза и
- кај вино, со делумна концентрација со разладување.

(4) Начините на дополнување на природната јачина на алкохол по волумен од став (3) на овој член се меѓусебно исклучиви.

(5) Додавањето на концентрирана шира или зајакната концентрирана шира кај свежо грозје, шира, шира во ферментација или младо вино сеуште во ферментација од став (3) алинеји 2 и 3 на овој член не смее да го зголеми почетниот волумен на овие производи за повеќе од 6,5%.

(6) Концентрацијата на ширата и виното од став (3) алинеји 2 и 3 на овој член нема да го намали иницијалниот волумен на ширата и виното за повеќе од 20%.

(7) Дополнувањето на природната јачина на алкохол по волумен изведена на начините од став (3) на овој член нема да ја покачи природната јачина на алкохол по волумен кај свежо грозје, шира, шира во ферментација, младо вино сеуште во ферментација или вино на повеќе од 13,5% волуменски.

(8) Одобрувањето од став (1) на овој член се дава по барање на производителите на вино запишани во регистерот од член 30 на овој закон.

(9) Барањето од став (8) на овој член треба да е поднесено од најмалку 2/3 од производителите на вино запишани во регистерот од член 30 на овој закон кои произвеле најмалку 2/3 од вкупното годишно производство на вино во претходната година.

(10) Исклучително лоши климатски услови од став (1) на овој член се утврдуваат врз основа на збирот на средно дневни температури од +10°С и над +10°С во вегетацискиот период од 1 април до 31 октомври во тековната година.

(11) За година со исклучително лоши климатски услови може да се утврди годината во која збирот на средно дневните температури во вегетацискиот период од став (10) на овој член е помал од 3.000 °С.

(12) Збирот на средно дневните температури во вегетацискиот период од став (10) на овој член се утврдува врз основа на податоците на Управата за хидрометеоролошки работи.

(13) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за дополнување на природната јачина на алкохол по волумен, донесува решение со кое одлучува по барањето.

Обврска за евиденција

**Член 25**

(1) Производителите на вино се должни да водат евиденција за применетите енолошки средства и постапки од членот 24 на овој закон.

(2) Секоја операција треба да се евидентира најдоцна пред истекот на денот кога таа е извршена.

(3) Министерот донесува поблиски прописи за формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на применетите енолошки средства и постапки од ставот (1) на овој член.

Пријавување на производство на вино

**Член 26**

(1) Производителите на вино ги пријавуваат количините на вино произведени од тековната винска година и од претходните вински години најдоцна до 31 декември во подрачните единици на Министерството.

(2) Министерот ја пропишува формата, содржината и начинот на поднесување на пријавите за количините на вино произведени од тековната винска година и од претходните вински години.

Методи за физичко-хемиска анализа на виното

**Член 27**

Референтните методи за физичко-хемиска анализа на вината се објавените и препорачани методи на Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ).

Класификација на сорти на грозје за производство на вино

**Член 28**

(1) Сортите на грозје за производство на вино се класифицираат на "препорачани" и "одобрени" сорти. Сите класифицирани сорти на грозје за производство на вино припаѓаат на родот Vitis vinifera или потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на genus Vitis, одобрени од Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ).

(2) Само оние сорти на грозје што се утврдени во класификацијата можат да бидат садени, повторно садени или прекалемувани за производство на вино.

(3) Ограничувањето од ставот (2) на овој член не се однесува на лозовите насади наменети за научни истражувања и експерименти.

(4) Лозовите насади со сорти грозје за производство на вино кои не се вклучени во класификацијата ќе бидат ископачени во рок од 15 години од денот на влегувањето во сила на класификацијата од ставот (1) на овој член.

(5) Сортите Noah, Othello, Isabelle, Jacquez, Clinton и Herbemont не смеат да бидат вклучени во класификацијата од ставот (1) на овој член.

(6) Министерот ја пропишува класификацијата на сортите на грозје за производство на вино од ставот (1) на овој член за секоја лозарска област за производство на вино во Република Северна Македонија согласно со поделбата на лозарски области од членот 40 на овој закон.

Забрана за дестилација

**Член 29**

Производителите на вино не смеат да го користат комињето и винскиот талог добиен од производството на вино за дестилација во истите простории и со истата опрема со која произведуваат вино.

Регистар на производители на вино

**Член 30**

(1) Производство на вино заради ставање на вино во промет може да врши физичко и правно лице кое:

- располага со соодветни простории и опрема за производство на вино во своја сопственост или користи простории и опрема во сопственост на друго физичко или правно лице кое нема финансиски обврски за купено винско грозје во претходните години,

- правното лице да има вработено најмалку едно лице со завршено високо образование од областа на винарството или лозарството односно да има со договор ангажирано лице со завршено високо образование од областа на винарството или лозарството доколку капацитетот за преработка и чување на виното не надминува 100.000 литри годишно,

- физичкото лице да има завршено високо образование од областа на винарството или лозарството или да има со договор ангажирано лице со завршено високо образование од областа на винарството или лозарството, односно физичкото лице да има завршено средно образование доколку капацитетот за преработка и чување на виното не надминува 50.000 литри годишно;

- нема доспеани финансиски обврски за откупеното винско грозје согласно со овој закон и

- не било избришано од Регистарот на производители на вино во претходната календарска година.

(2) Заради евиденција на производителите на вино, Министерството води Регистар на производители на вино.

(3) Министерството по претходно поднесено барање за упис во регистарот на производители на вино на производителот на вино кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член му издава Решение за упис во Регистарот на производители на вино.

*(4) Запишаните производители на вино во регистарот од ставот 2 на овој член, се должни секоја година најдоцна до 30 април да доставаат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изјава од одговорното лице дадена на нотар под материјална и кривична одговорност дека во целост им се исполнети финансиските обврски за купено винско грозје во претходните години. (Се укинува со Одлука на Уставен суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 64/12).*

(5) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за упис во Регистарот на производители на вино, донесува решение со кое одлучува по барањето за издавање на решение за упис во регистарот на производители на вино.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(7) Министерот ги пропишува поблиските услови во поглед на просториите и опремата за производство на вино од ставот (1) на овој член.

(8) Производителот на вино кој ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член *и кој нема да ја достави во пропишаниот рок изјавата од ставот (4) на овој член или достави*

*изјава со различна или невистинита содржина* се брише од Регистарот на производители на вино. *(Обележаните зборови се укинуваат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 64/12).*

(9) Против решението за упис и бришење од Регистарот на производители на вино може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(10) Министерот го пропишува начинот за пријавување во Регистарот и бришење од регистарот на производители на вино од ставот (2) на овој член, потребната документација, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (2) на овој член.

(11) Доказот за исполнување на условот од ставот (1) алинеја 5 на овој член се обезбедува од сопствената евиденција на Министерството.

Извештаи

**Член 30-а**

(1) Запишаните производители на вино во Регистарот од членот 30 став (2) од овој закон, се должни најдоцна до 31 октомври во тековната година за обврските за исплата кога исплатата се врши во целост и во рок од пет дена од истекот на роковите за исплата кога исплатата се врши на рати согласно со членот 16-б од овој закон да доставаат до Министерството извештаи за исполнување на условот од членот 30 став (1) алинеја 4 од овој закон.

(2) Веродостојноста на податоците во извештаите од ставот (1) на овој член ја утврдува Државниот инспекторат за земјоделство со инспекциски надзор кај производителот на вино.

(3) Доколку со инспекцискиот надзор од ставот (2) на овој член се утврди неверодостојност на податоците во извештаите со податоците од книговодствената евиденција кај производителот на вино, Државниот инспекторат за земјоделство до Министерството доставува предлог за бришење на производителот на вино од Регистарот на производители на вино со записник за извршен инспекциски надзор.

(4) Врз основа на предлогот од ставот (3) на овој член министерот донесува решение за бришење на запишаниот производител на вино од Регистарот на производители на вино.

(5) Од Регистарот на производители на вино се брише и производителот на вино кој нема да достави извештаите во рокот од ставот (1) на овој член.

(6) Против решението за бришење од Регистарот на производители на вино може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(7) Формата и содржината на извештаите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

**Член 30-б е избришан.**

**Член 30-в е избришан.**

**Член 30-г е избришан.**

Повторен упис во Регистарот на производители на вино

**Член 30-д**

(1) По исклучок од членот 30 став (1) алинеја 5 од овој закон, производителот на вино кој бил избришан од Регистарот од членот 30 од овој закон, во текот на истата или наредната календарска година, може повторно да биде запишан во Регистарот на производители на вино доколку:

- ги исполнува условите од членот 30 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон,

- плати надоместок за повторен упис на сметка на буџетот на Република Северна Македонија согласно со податоците од извештаите од членот 30-а од овој закон во висина од:

1) 10% од неисплатените финансиски обврски за купено винско грозје кои доспеале за исплата до 15 декември во годината кога е извршен откупот;

2) 10% од неисплатените финансиски обврски за купено винско грозје кои доспеале за исплата до 15 февруари следната година од годината кога е извршен откупот;

3) 10% од неисплатените финансиски обврски за купено винско грозје кои доспеале за исплата до 30 април следната година од годината кога е извршен откупот и

4) 10% од неисплатените финансиски обврски за купено винско грозје кога исплатата се врши во целост согласно со членот 16-б од овој закон.

- на лицата спрема кои има неисплатени финансиски обврски за купено винско грозје им исплатил казнена камата согласно со Законот за облигациони односи за периодот од истекот на рокот за доставување на извештаите од членот 30-а од овој закон па се до целосната исплата на доспеаната обврска.

(2) Потребната документација за докажување на исполнетоста на условите од ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член ги пропишува министерот.

## IV. ПАЗАР И ПРОМЕТ СО ВИНО

### Ставање на вино во промет

### Член 31

(1) Вино произведено во Република Северна Македонија може да стави во промет само производител на вино запишан во Регистарот на производители на вино од членот 30 став (2) од овој закон.

(2) Вино увезено во Република Северна Македонија може да стави во промет само правно лице запишано во Регистарот на увозници на вино од членот 36 од овој закон.

(3) Извоз на вино произведено во Република Северна Македонија може да врши производителот на вино или друго правно лице сопственик на вино за кое е издадено решение за ставање на виното во промет.

(4) Извоз на вино, производи од винско грозје и производи од вино може да се врши само со придружен документ, кој по поднесено барање го издава Државниот инспекторат за земјоделство.

(5) Инспекторот на Државниот инспекторат за земјоделство по претходно земени мостри придружниот документ од ставот (4) на овој член го издава најдоцна во рок од три дена.

(6) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (4) на овој член, како и формата и содржината на придружниот документ ги пропишува министерот.

Земање на мостри

**Член 32**

(1) Пред ставањето во промет производителот на виното е должен да поднесе барање до Министерството заради добивање на решение за ставање на виното во промет.

(2) Државниот инспектор за земјоделство е должен во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член да земе мостри и истите да ги достави на физичко-хемиска анализа и органолептичко оценување.

(3) Државниот инспектор за земјоделство зема една мостра во пет примероци од кои еден примерок останува кај производителот, два примерока се доставуваат за физичкохемиска анализа, еден примерок се доставува за органолептичко оценување до Државната дегустациона комисија, доколку органолептичкото оценување не го врши производителот на виното и еден примерок останува во Државниот инспекторат за земјоделство и се чува во соодветни услови во период од три месеци.

(4) Министерот го пропишува начинот и постапката за земање и чување на мостри заради издавање на решение за ставање во промет и за издавање на придружен документ.

(5) Министерот ја пропишува формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член.

Физичко-хемиска анализа на виното

**Член 33**

(1) Физичко-хемиска анализа на виното заради ставање на виното во промет се врши во лаборатории овластени од Министерството.

(2) Лабораториите од ставот (1) на овој член, за вршење на физичко-хемиска анализа на вино треба:

- да поседуваат сертификат за акредитација на лабораторијата за општите барања на компетентност на лаборатории за тестирање и калибрација по стандардот ISO 17025,
- да се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за соодветните методи за вршење на анализи на вино од членот 27 на овој закон, и
- да имаат вработено најмалку еден лаборант со завршено средно образование, три стручни лица со завршено високо образование од областа на агрономијата, хемиските или технолошките науки и најмалку еден раководител со звање магистер на хемиски науки, како и соодветни простории и опрема.

(3) Заради вршење на физичко-хемиска анализа на вино Министерството овластува најмалку две лаборатории кои ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член.

(4) Министерот ги пропишува основните параметри кои се предмет на физичко-хемиска анализа на виното, поблиските услови во однос на просториите и опремата кои треба да ги исполнува лабораторијата од ставот (1) на овој член и постапката за издавање на овластувањето за вршење на физичко-хемиска анализа на виното.

(5) На барање на производителот на вино лабораторијата од ставот (1) на овој член може да врши анализа и на други параметри различни од оние наведени во ставот (4) на овој член.

(6) Лабораторијата од ставот (1) на овој член е должна да изврши физичко-хемиска анализа на виното и да ги достави резултатите од анализата до Министерството во рок од три работни дена од денот на приемот на мострите, односно до Државниот инспекторат за земјоделство и увозникот за виното од увоз.

(7) Доколку резултатите од физичко-хемиската анализа на виното од увоз не одговараат на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, лабораторијата од ставот (1) на овој член нема да издаде Извештај за физичко-хемиска анализа на виното.

(8) Трошоците за вршење на физичко-хемиската анализа се на товар на барателот и се определуваат во зависност од стварно направените трошоци.

(9) Министерот ја пропишува висината и начинот на наплата на трошоците од ставот (8) на овој член.

Суперанализа на виното

**Член 34**

(1) Ако барателот од членот 32 став (1) на овој закон не е задоволен од резултатот од анализата, може во рок од осум дена од денот на доставувањето на резултатите од физичко-хемиската анализа од членот 33 на овој закон, да побара од државниот инспектор за земјоделство кој ја зел мострата, вториот примерок од мострата земена во исто време и на ист начин да ја испрати на суперанализа.

(2) Суперанализа на мостра може да бара и инспекторот кој ја зел мострата.

(3) Ако резултатите од суперанализата и од првичната физичко-хемиска анализа не се исти, меродавен е резултатот од суперанализата.

(4) Лабораторијата што ја вршела првичната физичко-хемиска анализа не може да врши и суперанализа.

(5) Физичко-хемиска анализа и суперанализа на вино и други производи од винско грозје и вино се врши по методите донесени во согласност со членот 27 од овој закон.

Органолептичко оценување на вината

**Член 34-а**

(1) Органолептичко оценување на вината ги врши една или повеќе државни дегустациони комисии составени од по пет члена и нивни заменици.

(2) Заради издавање на решение за ставање на вино во промет, органолептичкото оценување на виното може да го врши и производителот на вино кој го произвел виното кое е предмет на оцена.

(3) Министерот ги именува членовите на Државната дегустациона комисија кои имаат сертификат за дегустација на вино.

(4) За да се стекне со сертификат за дегустација на вино лицето треба да полага стручен испит пред испитна комисија.

(5) Испитната комисија за полагање на стручен испит за добивање на сертификат за дегустација на вино, ја формира високообразовната установа Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

(6) Стручниот испит за добивање сертификат за дегустација на вино се полага според програма.

(7) Едукација и издавање на сертификати на дегустатори на вино врши високообразовната установа Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

(8) Програмата од ставот (5) на овој член ја пропишува Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

(9) Државната дегустациона комисија од ставот (1) на овој член е должна да изврши органолептичко оценување на виното и да ги достави резултатите до Министерството во рок од 15 работни дена од денот на приемот на мострите.

(10) Државната дегустациона комисија донесува Деловник за својата работа.

(11) Трошоците за вршење на органолептичкото оценување заради добивање на решение за ставање на виното во промет се на товар на барателот и се определуваат во зависност од стварно направените трошоци потребни за спроведување на органолептичкото оценување и тоа за обезбедување на просторија, надоместок за работа на членовите на комисијата, превоз и набавка на соодветни прехранбени производи.

(12) Министерот ја пропишува висината на трошоците од ставот (10) на овој член.

Решение за ставање на виното во промет

**Член 35**

(1) Министерството, врз основа на поднесено барање за ставање на виното во промет, резултатите од физичко-хемиската анализа и органолептичкото оценување на виното и записникот од инспекторот за земање на мостри донесува решение за ставање на виното во промет.

(2) Со решението за ставање на виното во промет се утврдува:

- името под кое виното се става во промет,

- категоријата на квалитетот,
- потеклото на виното, во случај на вино со географски назив,
- годината на берба,
- количината на вино и
- пазарот за кој виното е наменето (за внатрешен пазар или за извоз).

(3) Решението од ставот (2) на овој член важи до исцрпувањето на количината на која решението се однесува, освен доколку производителот на вино не поднесе барање за престанување на важност на решението пред исцрпување на количината.

(4) Министерството во рок од десет дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член донесува решение за ставање на виното во промет, односно решение за одбивање на барањето за ставање на виното во промет.

(5) Министерството во рок од десет дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член донесува решение за престанување на важност на решението за ставање на виното во промет пред исцрпување на количината, односно решение за одбивање на барањето за престанување на важност на решението за ставање на виното во промет пред исцрпување на количината.

(6) Формата и содржината на барањето од ставовите (1) и (3) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(7) Против решението од ставот (4) на овој член и решението од ставот (5) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Исклучок при ставање на вино во промет

**Член 35-а**

(1) По исклучок од членот 31 став (1) од овој закон, вино во промет може да стави и производител на вино кој е избришан од Регистарот на производители на вино, а има произведени количини на вино за кои не е издадено решение за ставање на виното во промет или придружен документ.

(2) Барање за ставање на виното во промет, производителот на вино од ставот (1) на овој член, може да поднесе најдоцна во рок од 60 дена од приемот на решението за бришење од Регистарот на производители на вино.

(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член, односно кон барањето за издавање на придружен документ, производителот на вино од ставот (1) на овој член доставува и изјава од одговорното лице дадена на нотар под материјална и кривична одговорност дека финансиските средства остварени од продажбата на извезеното вино, ќе ги употреби првенствено за исплата на долгови по основ на купено а неплатено грозје.

(4) За финансиските средства остварени од продажбата на виното кое ќе го стави во промет согласно со овој член и за начинот на трошење на истите, производителот на вино од ставот (1) на овој член доставува извештај до Државниот инспекторат за земјоделство секои 15 дена од денот на приемот на решението за ставање на виното во промет.

(5) По исклучок на ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член решение за ставање на вино во промет согласно со членовите 31, 32, 33, 34, 34-а и 35 од овој закон, може да се издаде на производителот на вино од ставот (1) на овој член за кој е во тек стечајна постапка и е одобрен план за реорганизација.

Регистар на увозници на вино

**Член 36**

(1) Министерството води Регистар на увозници на вино.

(2) Во Регистарот од ставот (1) на овој член може да се запише правно лице кое е регистрирано за вршење трговска дејност.

(3) За запишување во Регистарот правното лице од ставот (2) на овој член поднесува барање до Министерството со потребната документација.

(4) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (1) на овој член, формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член, како и потребната документација за упис во Регистарот на увозници ги пропишува министерот.

Увоз на вино

## Член 36-а

(1) Пред ставањето во промет увозникот на виното е должен да поднесе барање до Државниот инспекторат за земјоделство заради добивање на Извештај за физичкохемиска анализа на виното.

(2) По исклучок од став (1) на овој член увозникот на виното пред ставање на виното во промет не е должен да поднесе барање до Државниот инспекторат за земјоделство заради добивање на Извештај за физичко-хемиска анализа на виното во случај кога виното е со потекло од земјите членки на Европската Унија и/или е со потекло од земји со кои Република Северна Македонија има склучено билатерални договори за меѓусебно признавање на уверенијата за физичко-хемиска анализа на виното.

(3) Државниот инспектор за земјоделство е должен во рок од седум работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член да земе мостри и истите да ги достави на физичко-хемиска анализа.

(4) Државниот инспектор за земјоделство зема една мостра во четири примероци од кои еден примерок останува кај увозникот, два примерока се доставуваат за физичко-хемиска анализа и еден примерок останува во Државниот инспекторат за земјоделство и се чува во соодветни услови во период од три месеци.

(5) Министерот го пропишува начинот и постапката за земање и чување на мостри заради издавање на Извештај за физичко-хемиска анализа на виното.

(6) Министерот ја пропишува формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член.

Влезни и излезни регистри

## Член 37

(1) Правните лица кои се занимаваат со ставање на виното во промет за винско грозје, производи од винско грозје, вино и производи од вино се должни да водат влезни и излезни регистри за истите производи.

(2) Влезните и излезни регистри од ставот (1) на овој член содржат континуирани податоци најмалку за:

- описот на производот кој бил внесен или изнесен,
- точната количина на производот којашто била внесена или изнесена и
- датумот на влез или излез.

(3) Влезните и излезните регистри од ставот (1) на овој член ги контролира Државниот инспекторат за земјоделство.

(4) Министерот ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на влезните и излезни регистри од ставот (1) на овој член.

## V. КЛАСИФИКАЦИЈА НА ВИНА, ПРОИЗВОДСТВО, ОЗНАЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ВИНА СО ГЕОГРАФСКИ НАЗИВ

Класификација на вината

### Член 38

(1) Според квалитетот вината се класифицираат на:

- трпезни вина,
- регионални вина (или трпезни вина со географска ознака - ВГО),
- вина со контролирано потекло (ВКП) и
- вина со контролирано и гарантирано потекло (ВКГП).

(2) Трпезното вино од ставот (1) алинеја 1 на овој член е вино кое:

- е произведено од сорти на грозје класифицирани како препорачани или одобрени сорти на винско грозје во согласност со членот 28 на овој закон,

- има вистинска јачина на алкохол по волумен поголема од 9,0% вол. и вкупна јачина на алкохол по волумен помала од 15% вол. и

- има вкупна содржина на киселост, изразена како винска киселина, не помала од 3,5 грама по литар или 46,6 милиеквиваленти по литар.

(3) Регионалното вино (или вино со географска ознака - ВГО) од ставот (1) алинеја 2 на овој член е трпезно вино со географска ознака, чија област на потекло е реон и е произведено во согласност со следниве правила:

- да е произведено целосно од сорти на грозје класифицирани како препорачани сорти за реонот на потекло во согласност со членот 28 на овој закон,

- да ги има сите карактеристики утврдени согласно со овој закон,

- да има минимум природна јачина на алкохол од 9,5% вол. и

- виното да ја поминало физичко-хемиската анализа.

(4) Виното со контролирано потекло (ВКП) од ставот (1) алинеја 3 на овој член е вино со ознака на потекло, чија област на потекло е прецизно обележана во рамките на виногорје или во рамките на помала географска единица од истото и ги исполнува најмалку следниве карактеристики:

- 85% од грозјето да потекнува од областа на потекло (виногорје) чие име го носи,

- да е произведено целосно од сорти на грозје класифицирани како препорачани сорти за тоа виногорје или помала географска единица во согласност со членот 28 на овој закон,

- да е произведено според правилата за производство на тоа вино со контролирано потекло пропишани во согласност со членот 42 на овој закон,

- винификацијата се извршува во рамките на самата област на потекло на грозјето или надвор од областа на потекло, но во рамките на реонот, доколку производителот на вино со физичко-хемиска анализа на грозјето употребено за производство на виното докаже дека истото не ги променило своите карактеристики со транспортот од една во друга област на потекло,

- минимум природната јачина на алкохол да е 11% вол. и

- виното да ја поминало физичко-хемиската анализа.

(5) Виното со контролирано и гарантирано потекло (ВКГП) од ставот (1) алинеја 4 на овој член е вино со ознака на потекло препознатливо по специфичните карактеристики и високиот квалитет, чијашто област на потекло е прецизно обележана во рамките на еден или неколку локалитети или помали лозарски единици и ги има најмалку следниве карактеристики:

- 100% од грозјето потекнува од локалитетот или помалите лозарски единци чиешто име го носи,

- е произведено целосно од сорти на грозје класифицирани како препорачани сорти за таа лозарска единица во согласност со членот 28 на овој закон,

- е произведено според правилата за производство на тоа вино со контролирано и гарантирано потекло пропишани во согласност со членот 42 на овој закон,

- винификацијата се извршува во рамките на самата област на потекло или во непосредна близина на локалитетот или помалите лозарски единици од каде што потекнува грозјето, но не надвор од виногорјето на коешто припаѓа,

- минимум природната јачина на алкохол да е 13% вол. и

- виното ја поминало физичко-хемиската анализа.

(6) Физичко-хемиската анализа од ставот (4) алинеја 4 на овој член ја вршат овластените лаборатории од членот 33 став (1) од овој закон.

(7) Постапката, рокот и начинот за земање на мостра, како и основните параметри кои се предмет на физичко-хемиската анализа од ставот (4) алинеја 4 на овој член ги пропишува министерот.

Класификација на вината со географски назив

**Член 39**

(1) Вина со географски назив се:

- регионалните вина (или трпезни вина со географска ознака - ВГО),

- вината со контролирано потекло (ВКП) и
- вината со контролирано и гарантирано потекло (ВКГП).

(2) Заради заштита на географското потекло на виното областите погодни за производство на вино со географски назив се делат на:

- реони,
- виногорја и
- локалитети, месности и ограничени лозарски единици.

Означување на производните области

Член 40

(1) Географските области погодни за производство на вина со географски назив имаат заеднички и хомогени педолошки и климатски карактеристики.

(2) Министерот ги означува географските области погодни за производство на вина со географски назив по претходно мислење од социјалните и економските партнери од областа на лозарството и винарството, односно телата кои го сочинуваат партнерството од Законот за земјоделство и рурален развој. При означувањето на географските области погодни за производство на вина со географски назив посебно се зема предвид и постојната традиција на производство на вино.

(3) Името со кое се означува една географска област погодна за производство на вина со географски назив мора да биде единствено и во врска со областа.

(4) Со означувањето на географските области погодни за производство на вина со географски назив од ставот (2) на овој член детално се утврдуваат:

- границите на секоја географска област погодна за производство на дадено вино со географски назив и
- производниот потенцијал на секоја парцела насадена со винова лоза.

(5) Означувањето на географските области погодни за производство на вина со географски назив од ставот (2) на овој член се врши врз основа на катастарски единици.

Потекло на вината со географски назив

**Член 41**

(1) Вината со контролирано и гарантирано потекло можат да се произведуваат само од грозје кое потекнува од парцели кои се погодни за производство на вина со контролирано и гарантирано потекло во рамките на еден локалитет, месности или ограничени лозарски едници, согласно со означувањето на географските области од членот 40 на овој закон.

(2) Вината со контролирано потекло на вина можат да се произведуваат само од грозје кое потекнува од парцели кои се погодни за производство на вина со контролирано потекло или вина со контролирано и гарантирано потекло во рамките на едно виногорје или потесна географска област во рамките на истото виногорје, согласно со означувањето на географските области од членот 40 на овој закон.

(3) Регионалните вина (трпезните вина со географска ознака) можат да се произведуваат само од грозје кое потекнува од парцели кои се погодни за производство на регионални, вина со контролирано потекло или вина со контролирано и гарантирано потекло во рамките на еден реон, согласно со означувањето на географските области од членот 40 на овој закон.

Заштита на географскиот назив на вината

**Член 42**

(1) Заштитата на географскиот назив на вината се врши со упис во Регистарот на вина со заштитен географски назив по претходно поднесено барање. Поблиските правила за производство и означување на вина со географски назив се утврдуваат со елаборат поднесен од производителот на вино.

(2) Со елаборатот од ставот (1) на овој член најмалку се утврдуваат:

- географската област на производство,

- сортимент и методите на одгледување на лозјето,
- максималниот принос по хектар,
- областа и методите на винификација и
- соодветни параметри на физичко-хемискиот состав и органолептички карактеристики.

(3) Елаборатот од ставот (2) на овој член може да содржи и дополнителни услови за производство, означување и заштита на виното со географски назив, кои не смеат да бидат спротивни на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(4) Со цел да се уважат достигнувањата на науката и технологијата по барање на производителот на вино кој го заштитил географскиот назив, може да се изврши измена и дополнување на елаборатот од ставот (1) на овој член во постапка согласно со овој член и членот 42-а од овој закон.

(5) Содржината и формата на елаборатот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

Регистар на вина со заштитен географски назив

**Член 42-а**

(1) Министерството води Регистар на вина со заштитен географски назив и на корисници на географскиот назив.

(2) За упис во Регистарот од ставот (1) на овој член Министерството во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член донесува решение за упис во Регистарот на вина со заштитен географски назив и на корисници на географскиот назив, односно решение за одбивање на барањето за упис.

(3) Содржината и формата на регистарот од ставот (1) на овој член, образецот на барањето, постапката за упис, како и потребната документација ги пропишува министерот.

(4) Право на користење на географскиот назив запишан во Регистарот на вина со заштитен географски назив, има производителот или производителите на вино по чие барање е извршен уписот.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член право на користење на географскиот назив запишан во регистарот на вина со заштитен географски назив има и секој друг производител на вино кој ќе докаже со елаборат дека виното е произведено согласно со условите за производство на виното со заштитен географски назив.

(6) Доколку се утврди дека производството на виното не е во согласност со условите наведени во елаборатот врз основа на коишто е заштитен географскиот назив, Министерството на предлог на Државниот инспекторат за земјоделство донесува решение за бришење на производителот од Регистарот од ставот (1) на овој член.

(7) Против решението за одбивање на барањето за упис во Регистарот од ставот (2) на овој член и решението за бришење од Регистарот од ставот (5) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Правен режим за заштита на географскиот назив на вината

## Член 43

Физичко-хемиската анализа и органолептичкото оценување заради добивање на решение за ставање на вино со географски назив во промет посебно ги зема предвид условите утврдени со елаборатот за виното со географски назив.

Листа на вински сорти на грозје

## Член 44

(1) Виното обележано со географски назив се произведува од една или неколку вински сорти на грозје утврдени во соодветниот елаборат.

(2) Сортите од ставот (1) на овој член се класифицирани како препорачани сорти на грозје.

Област на винификација

## Член 45

(1) Вината со географски назив се винифицираат во рамките на нивната област на потекло.

(2) Вината со контролирано и гарантирано потекло можат да се винифицираат и во рамките на виногорјето на кое припаѓаат.

Посебно чување и винификација

## Член 46

(1) Производителите на грозје и вино ги чуваат одделно грозјето, другите производи од винско грозје и виното кои ги исполнуваат условите за производство на секое посебно вино со географски назив.

(2) Секое вино со географски назив се винифицира и чува во посебни инсталации.

Физичко-хемиска анализа

## Член 47

(1) Физичко-хемиската анализа заради добивање на решение за ставање во промет ги земаат предвид посебните услови за секое посебно вино со географски назив утврдени во соодветниот елаборат.

(2) Одредбите од членовите 32, 33 и 34 на овој закон се применуваат соодветно во случај на земање на мостри физичко-хемиска анализа на вина со географски назив.

Декласирање

Член 48

(1) Државниот инспекторат за земјоделство може да нареди повлекување од промет на една или повеќе серии на вино со географски назив ставено во промет, доколку при контрола од страна на државниот инспектор за земјоделство ќе се утврди нарушување на неговите својствени карактеристики.

(2) Секој производител на вино, при ставањето на виното во промет, може самостојно да го декласира своето вино со географски назив.

(3) Декласирањето на едно вино со географски назив се однесува на секоја серија посебно.

(4) Производителите и трговците со вино го внесуваат во своите внатрешни регистри декласирањето на секоја нивна серија на вино со географски назив.

## VI. ОПИС, ОЗНАЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ВИНОТО

Општа обврска за опис и означување

Член 49

(1) Виното и другите производи од винско грозје кои се ставаат во промет мораат да бидат означени заради заштита на интересите на потрошувачите и производителите и заради заштита на конкуренцијата.

(2) Означувањето од ставот (1) на овој член се користи за опис на производите на грозје и вино, и тоа на:

- етикети,
- решение за ставање во промет,
- внатрешни регистри предвидени со овој закон и
- комерцијални документи, особено во фактури и испратници и на рекламен материјал.

Карактеристики на описот и означувањето

### Член 50

(1) Описот и означувањето на виното и другите производи од винско грозје не смеат да бидат неточни или да предизвикуваат забуна кај лицата за кои се наменети, особено во поглед на:

- својствата на производите, нивната природа, состав, јачина на алкохол по волумен, боја, потекло, квалитет, сорта на грозје, година на берба или номинално количество на садовите и

- идентитетот и статусот на лицата кои биле вклучени во производството, полнењето или другите постапки во врска со ставањето во промет на соодветниот производ.

(2) Кога описот или презентацијата се дополнети со заштитени имиња и изрази, тие заштитени имиња и изрази не смеат да содржат зборови, делови од зборови, знаци или илустрации коишто можат да предизвикаат забуна или да ги заведат лицата за коишто се наменети.

Означување

### Член 51

(1) Виното и другите производи од винско грозје чиј опис или означување не се во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон не смеат да се ставаат во промет. За производите од винско грозје и вино наменети за извоз, можат да се одобрат исклучоци од одредбите на овој закон согласно со прописите на земјата увозничка.

(2) Описот и означувањето на виното и другите производи од винско грозје се врши на македонски јазик.

Етикета на виното

## Член 52

(1) Означувањето на виното наменети за ставање во промет се врши со етикета.

(2) Етикета е збир од сите зборови, податоци, илустрации, марки или други ознаки истакнати на садот заради означување на виното ставено во промет.

(3) Етикетата не опфаќа податоци кои:

- се однесуваат на зафатнината или производителот на садот,
- произлегуваат од системот за затворање или запечатување на садот,
- се однесуваат на цената на производот,
- го означуваат производот преку нумерички код или друг код за скенирање и
- произлегуваат од фискалните обврски на производителот.

(4) Етикетата треба да биде истакната на садот така што ќе биде јасно забележлива за потрошувачите.

(5) Етикетата може да се состои од еден или повеќе делови.

Податоци на етикетата

## Член 53

(1) Етикетата на виното мора да ги содржи следниве задолжителни податоци:

- продажната ознака,
- номиналното количество,
- вистинската алкохолна јачина во % вол.,
- бројот на серијата,
- бројот на решението за ставање во промет,

- името и адресата на производувачот или полначот,

- во случај на вино со географски назив, името на областа на потекло во согласност со членот 42 од овој закон,

- во случај на увезено вино, името на увезувачот или полначот и

- податоци за присуство на сулфити или други супстанции кои имаат алергени својства.

(2) Етикетата на виното може да ги содржи и следниве податоци:

- видот на виното,

- трговската марка,

- бојата на виното,

- годината на берба,

- името на една или повеќе сорти на грозје,

- награда, медал или признание од официјална одржана манифестација,

- ознаки во врска со средствата кои се користат за производство или методот за производство на виното и

- други описни податоци во врска со местото и традицијата на производство на виното, производителот на виното или начинот на чување и консумација на виното.

(3) Министерот ја пропишува формата, содржината и начинот на употреба на податоците од ставовите (1) и (2) на овој член на етикетата на производите од грозје и вино.

Етикетирање на вина со географски назив

**Член 54**

Вината со географски назив произведени според условите утврдени со прописот донесен врз основа на членот 42 од овој закон мора да бидат означени во согласност со истиот.

Забрана на неточен опис или означување

### Член 55

Согласно со членовите 23, 24 и 25 од Договорот за трговски аспекти на правата на интелектуална сопственост (ТРИПС) и членот 4 од Анексот 2 на Дополнителниот протокол за вино и алкохолни пијалаци на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската заедница, употребата во Република Северна Македонија на географски назив за вино што не потекнува од местото означено со заштитената географска ознака или ознака на потекло, е забранета дури и кога е означено вистинското потекло на виното, а географскиот назив се користи во превод или е придружен со изрази како што се "вид", "тип", "стил", "имитација" или слично.

## VII. НАДЗОР

Надлежен орган

### Член 56

(1) Министерството е надлежно за надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(2) Државниот инспекторат за земјоделство е надлежен за вршење на инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, и тоа особено на:

- пријавувањето на површините под лозови насади,

- пријавувањето на количините на набрано грозје, произведено вино и залихи на вино и други производи од винско грозје и вино од последната винска година,

- применaта на енолошки средства и постапки,

- водењето на евиденција за производство на грозје и вино од страна на производителите на грозје и вино,

- етикетирањето на виното,

- внатрешниот промет на грозје и вино и други производи од винско грозје,

- производството и заштитата на вина со географски назив и

- увозот и извозот на грозје и вино и други производи од винско грозје.

(3) Државните инспектори за земјоделство можат да вршат контрола и над субјектите кои вршат физичко-хемиски анализи и органолептичко оценување на вината.

(4) Производителите на грозје и вино и субјектите кои вршат физичко-хемиски анализи и органолептичко оценување на вината се должни да им овозможат на државните инспектори за земјоделство вршење на надзорот од ставот (1) на овој член и да им овозможат пристап до сите неопходни податоци.

Надлежност на Државниот инспекторат за земјоделство

**Член 57**

(1) Државниот инспектор за земјоделство, покрај овластувањата што ги има согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, е овластен и за следново:

1) да врши контрола на лозовите насади;

1-а. по пријава на производител на грозје да врши инспекциски надзор во однос на тоа дали откупувачот му го исплатил на производителот на грозје износот за откупеното винско грозје кога исплатата се врши во целост согласно со членот 16-б од овој закон;

2) да врши контрола на објектите и деловните простории во кои се произведува, доработува, преработува, негува и чува вино и други производи од винско грозје;

3) да врши контрола на деловните книги и документите кај правните и физичките лица што се занимаваат со производство, преработка, доработка, нега на вино и други производи од винско грозје;

4) да забрани производство на вино и други производи од винско грозје, ако производителот не ги исполнува пропишаните услови;

5) да ја забрани привремено употребата на просториите, садовите, опремата и другите технички уреди до отстранувањето на утврдените недостатоци;

6) да забрани ставање во промет на вино и други преработки од грозје и вино, како и енолошки средства ако со анализа се утврди дека не ги исполнуваат пропишаните услови и квалитет;

7) привремено да одзема предмети и производи по утврдените прекршоци од членовите 60 и 61 на овој закон до завршувањето на прекршочната, односно кривичната постапка што се води пред надлежните органи;

8) да нареди уништување на вино и други производи од вино пуштени во промет спротивно на овој закон и да нареди уништување, односно ископачување на лозови насади и

9) да зема мостри заради утврдување на квалитетот на виното.

(2) Инспекторот може привремено да забрани вршење на дејност за прекршоците предвидени во членовите 60 и 61 од овој закон во време на траење од 30 дена, а за прекршокот од членот 60 став 1 точка 9 во време на траење од 60 дена.

**Член 58**

(1) Кога инспекторот ќе се посомнева дека прегледаниот производ од грозје и вино и другите средства кои се применуваат во производството на вино, не одговараат на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, ќе земе потребен број на мостри и ќе ги достави за хемиска анализа и органолептичко оценување.

(2) Лицето од кое се зема мостра е должно да обезбеди амбалажа за мострата.

(3) Трошоците за испитување на мострата ги поднесува лицето кое го пуштило во промет виното или другите производи од винско грозје, доколку со оценувањето се утврди дека тие не одговараат на означените карактеристики или условите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

## Член 59

(1) Ако инспекторот при вршење на надзорот утврди дека е извршена повреда врз одредбите на овој закон или прописите донесени врз основа на овој закон, писмено ќе ги констатира неправилностите, повредите и недостатоците и со решение ќе ги одреди мерките и рокот за нивно отстранување.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка.

(3) Жалбата поднесена против решението од ставот (1) на овој член не го одлага неговото извршување, освен ако со извршувањето се предизвика штета која тешко може да се надомести.

**Забелешка:** Согласно членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/15), законодавецот предвидел во ставот 2 зборовите „министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство" да ги замени со зборовите „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка", но во истиот став беа содржани зборовите „министерството", а не „министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство".

Постапка за едукација

## Член 59-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор надлежниот инспектор при Државниот инспекторат за земјоделство утврди дека е сторена неправилност прв пат од членот 62 на овој закон должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок не подолг од 15 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за земјоделство, во рок не подолг од 15 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку надлежниот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку надлежниот инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочна комисија со издавање на прекршочен платен налог.

(9) Државниот инспекторат за земјоделство води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

Квартални извештаи

**Член 59-б**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за земјоделство за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството на унифициран квартален преглед.

## VII-а. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Кривична одговорност

**Член 59-в**

Одговорното лице на производител на вино кој ставил вино во промет ќе се казни за кривично дело со казна затвор од една до пет години, ако:

- достави неверодостоен извештај од членот 30-а од овој закон или

- ги употреби финансиските средства спротивно на изјавата од членот 35-а став (3) од овој закон или

- не достави извештај во рокот од членот 35-а став (4) од овој закон или

- достави невистинит извештај од членот 35-а став (4) од овој закон.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 59-г**

(1) Глоба на правно лице во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) продава или купува винско грозје спротивно на овој закон (член 16-а);

2) не врши исплата на откупено винско грозје согласно со овој закон (член 16-б);

3) додава сахароза во вино (член 22 став (2));

4) произведува и става во промет вино без да биде запишан во Регистарот на производители на вино (член 31 став (1));

5) става во промет вино без решение за ставање на виното во промет (член 32 став (1)) и

6) става во промет вино од увоз за кое не е издадено уверение за физичко-хемиска анализа на виното (член 36-а став (1)).

(2) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три месеци до три години.

(4) Покрај глобата од ставот (2) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.

(5) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на физичко лице.

## Член 60

(1) Глоба на правно лице во износ од 750 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) ја намалува, односно не ја почитува цената по шеќерна единица за секоја сорта на винско грозје поединечно во текот на винската година (член 17 став (4));

2) става во промет вино кое не е добиено од вински сорти на грозје (член 21 став (2));

3) употребува свежо грозје, шира, шира во ферментација, концентрирана шира, пречистена концентрирана шира, шира во ферментација прекината со додавање на алкохол, сок од грозје и концентриран сок од грозје од увоз за производство на вино или ги додава на виното од Република Македонија (член 22 став (1));

4) *е избришана.*

5) произведува вино со повторна ферментација на комињето (член 22 став (3));

6) произведува и чува вино во спротивност со одобрените енолошки средства и постапки (член 24 став (1));

7) врши физичко-хемиска анализа на виното во спротивност со референтните методи на анализа за утврдување на хемискиот состав на вината (член 27);

8) *е избришана.*

9) не го достави навремено извештајот од членот 30-а на овој закон (член 30-а);

10) доставува невистинити резултати од физичко-хемиската анализа (членови 33 став (6) и 38 став (6));

11) резултатите од физичко-хемиската анализа на виното не се совпаѓаат со извештајот од анализата, односно не ги достави до Министерството во рок од седум работни дена (член 33 став (5));

12) произведува и става во промет вино со географски назив во спротивност со поблиските правила за производство, обележување и заштита на тоа вино со географски назив (членови 42 и 42-а);

13) става во промет вино кое не е означено или е погрешно означено (членови 49, 50,51, 52, 53 и 54) и

14) става во промет вино со заштитена географска ознака или ознака на потекло што не потекнува од вистинското место на потекло или дури и кога е означено вистинското потекло на виното, а географскиот назив се користи во превод или е придружен со изрази како што се “вид”, “тип”, “стил”, “имитација” или слично (член 55).

(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Покрај глоба од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три месеци до три години.

(4) Покрај глоба од ставот (2) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење до една година.

(5) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на физичко лице.

**Член 61**

(1) Глоба на правно лице во износ од 250 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) подигнува нови лозови насади без одобрение од министерот или во спротивност со издаденото одобрение (член 6 став (1));

2) не исплаќа винско грозје за производство на вино врз основа на шеќерни единици (член 17 став (1));

3) не ги мери шеќерните единици во моментот на откупот на винското грозје за производство на вино, односно не издава потврда за количината на откупено грозје и шеќерните единици на грозјето за секоја сорта на винско грозје и поединечно грозје (член 17 став (2));

4) користи грозје кое потекнува од лозови насади кои не се пријавени во Националниот регистар на лозови насади заради производство на вино (член 23);

5) не води евиденција за применетите енолошки средства и постапки, односно води неточна, нецелосна или неажурна евиденција (член 25 ставови (1) и (2));

6) врши физичко-хемиска анализа на виното без акредитација или одобрение од министерот (член 33 став (1)) и

7) не води влезни и излезни регистри за винско грозје, производи од винско грозје, вино и производи од вино, односно доколку влезните и излезните регистри содржат неточни или нецелосни податоци (член 37 став (1)).

(2) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Покрај глоба од ставот (1) на овој член на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три месеци до три години.

(4) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Забелешка:** Согласно со член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/19) законодавецот предвидува зборовите: „300 до 450" да се заменат со зборовите: „50 до 100" во ставот (5) на овој член, но измената е направена во ставот (4) каде се наоѓаат споменатите зборови.

## Член 62

(1) Глоба на правно лице во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на мало трговско друштво, а глоба на правно лице во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на средно и големо трговско друштво за прекршок, ако:

1) не ги пријави површините на кои одгледува лозови насади, односно пријави неточни податоци (член 12 став (1));

2) не ги пријави промените на лозовите насади кои ги одгледува, односно пријави неточни податоци (член 13 став (1));

3) не ги пријави количините на грозје произведени од последната берба, односно пријави неточни податоци (член 16 став (1));

4) не ја објавува цената по шеќерна единица за секоја сорта на винско грозје поединечно најдоцна до почетокот на винската година (член 17 став (3));

5) не ги пријави количините на купено и продадено грозје од последната берба, односно пријави неточни податоци (член 19 став (1));

6) не ги пријави количините на вино произведени од тековната винска година и од претходните вински, односно пријави неточни податоци (член 26 став (1)) и

*7) е избришана.*

(2) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 15 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на физичко лице.

**Забелешка:** Согласно член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за виното („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/19) законодавецот предвидува зборовите: „100 до 150" да се заменат со зборовите: „15 до 50" во ставот (5) на овој член, но измената е направена во ставот (3) каде се наоѓаат споменатите зборови.

### Член 63

Покрај глобата за прекршоците од членовите 60 и 61 на овој закон на сторителот на прекршокот ќе му се изрече и прекршочна санкција, одземање на предметот со кој е извршен прекршокот.

### Член 63-а

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на државниот инспектор за земјоделство кој бил задолжен за постапување, доколку не постапи согласно со членовите 32 став (2) и 36-а став (2) од овој закон.

### Член 63-б

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во овластената лабораторија од членот 33 став (1) од овој закон кое било задолжено за постапување, ако не постапи согласно со членот 33 став (6) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на овластената лабораторија од членот 33 став (1) од овој закон за прекршокот од ставот (1) на овој член.

### Член 63-в

(1) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Министерсвото кое било задолжено за постапување, ако Министерството не го донесе решението во рокот согласно со членот 35 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 8 став (3) и 12 став (5) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, доколку во рокот утврден во членовите 8 став (4) и 12 став (6) од овој закон не ги достави бараните докази.

Член 64

(1) За прекршоците предвидени во членовите 59-г, 60, 61, 63-а, 63-б и 63-в од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд, а за прекршоците предвидени во членот 62 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија формирана согласно со Законот за државниот инспекторат за земјоделство.

(2) Пред поднесување на барањето за поведување прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, надлежниот инспектор може на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог.

(3) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

(4) Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(5) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на самото место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими прекршочниот платен налог.

(6) Изјавата од ставот (5) на овој член се забележува во записникот.

(7) Државниот земјоделски инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за нивниот исход.

(8) Во евиденцијата од ставот (7) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот/прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(9) Личните податоци од ставот (8) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(10) Против одлуката на прекршочната комисија од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка.

(11) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### Член 64-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице, односно за трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 65

Одредбата од членот 23 на овој закон ќе започне да се применува од 1 јануари 2012 година.

### Член 66

До денот на влегувањето во сила на поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 67

Министерот ќе ги донесе поблиските прописи предвидени со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 68

Започнатите постапки за упис во Регистарот на производители на вино до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се спроведат во согласност со Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" број 69/2004 и 89/2008).

### Член 69

Физичките и правните лица кои вршат производство, односно промет на вино се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 70

Одредбите од членовите 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 15, 16, 19, 20, 22, 24, 25, 26, 27, 28, 36, 37, 38, 42, 44, 49, 50, 51, 52, 53, 54 и 55 на овој закон ќе престанат да важат со пристапувањето на Република Македонија во членство на Европската унија.

### Член 71

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" број 69/2004 и 89/2008).

### Член 72

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија" бр. 53/11

### Член 4

Одредбата од членот 1 став 1 на овој закон со кој се менува ставот 5 ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

II. „Службен весник на Република Македонија" бр. 53/11

**Член 19**

Одредбите на членовите 1 и 11 од овој закон ќе започнат да се применуваат по започнувањето на примена на Законот за инспекцискиот надзор.

III. „Службен весник на Република Македонија" бр. 188/13

**Член 9**

Започнатите постапки за добивање на решение за промет на вино и за увоз на вино до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" број 50/10, 53/11, 6/12, 23/13 и 106/13).

IV. „Службен весник на Република Македонија" бр. 39/16

**Член 13**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

## Член 15

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 6, 8, 9, 10, 11 и 12 од овој закон ќе се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15), освен одредбите од членовите 5 и 7 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

V. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/19

## Член 20

Уверенијата за физичко-хемиска анализа на виното издадени до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе важат до истекот на 180 дена од денот на нивното издавање.

## Член 21

(1) Овластените лаборатории за вршење на физичко-хемиска анализа на вино согласно со овој закон се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од 24 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) На овластените лаборатории за вршење на физичко-хемиска анализа на вино согласно со овој закон кои нема да го усогласат своето работење согласно со став (1) на овој член, со решение на министерот ќе им се одземе овластувањето.